# Неделен епидемиолошки извештај за Западно-нилска треска во Македонија во 2026 година (заклучно со 22.09.2026)

Овој неделен епидемиолошки извештај има за цел да даде краток преглед на епидемиолошките податоци за Западно-нилска треска, пријавените случаи и одговорот на јавно-здравствените власти во Македонија во 2026 година. Податоците презентирани во овој извештај се добиени од пријавите за случаи на WNV инфекција кај луѓе испратени до ИЈЗ од страна на лекарите (инфектолози), епидемиолошките анкети изработени од епидемиолози од надлежните ЦЈЗ и од пријавите од лабораториите кои тестираат примероци за оваа болест. Покрај тоа, здравствената состојба/исходот на хоспитализираните случаи се ажурира секојдневно.

Во 2026 година, а заклучно со 22.09.2026 година, во Македонија се регистрирани вкупно <u>70 случаи на Западно-нилска треска</u>.

- Од регистрираните случаи, а согласно дефиниција на случај, 65 се водат како потврдени, а пет како веројатни.
- Според место на живеење на заболените, 63 случаи се од Скопје, три случаи од Велес и по еден случај е од Куманово, Свети Николе, Кавадарци и Тетово.
- Регистрирани се 69 автохтони случаи и еден случај со историја на патување во Грција, но инкубацискиот период покрива и престој во Македонија.
- Од регистрираните случаи, 52 или 74,3% се машки, а 18 или 25,7% се женски.
- Во однос на возрасната дистрибуција, најголем дел се лица на возраст над 60 години – 57 (81,4%), седум се лица на возраст од 50-59, две лица на возраст од 40-49 години, едно лице на возраст од 30-39, а три лица на возраст од 20-29 години. Просечната возраст изнесува 66,5 години (SD ± 13,2 години; min 25, max 85).

**<u>Графикон 1.</u> Дистрибуција на случаи на WNV по пол и возраст, Македонија, 2026 до 22.09.2026**



**<u>Табела 1.</u> Пријавени заболени и починати ЗНТ случаи според форма на болеста, Македонија, 2026, до 22.09.2026 (n=70)**

| | Број на ЗНТ случаи со невроинвазивна форма | Број на ЗНТ случаи без невроинвазивна форма | Вкупно ЗНТ случаи | Вкупно починати лица со ЗНТ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | со невроинвазивна форма | без невроинвазивна форма |
| Број на заболени и починати од ЗНТ | 68 | 2 | 70 | 9 | 0 |

- Почетокот на симптомите кај најголем дел од заболените – 39 или 55, е регистриран во месец август. Со почеток на симптоми во септември се регистрирани 11 случаи. Кај 17 случаи почетокот на симптомите е во месец јули, два во месец јуни, а кај еден случај во месец мај.
- Сите заболени со невроинвазивна болест (68) биле хоспитализирани, 66 во УК за инфективни болести и фебрилни состојби и по еден во Аџибадем Систина и Клиника Жан Митрев.
    - Испишани – 50 или 73,5% од хоспитализираните потврдени случаи;
    - Сѐ уште на лекување – 9 (13,2%) од хоспитализираните потврдени случаи;
    - Починати – 9 од хоспитализираните потврдени случаи;
    - Просечно траење на лекување (испишани/починати лица) – 14 дена.
- Во текот на 2026 година, до 22.09.2026 година, регистрирани се 9 смртни случаи кај пациенти со невроинвазивна болест на ЗНТ со леталитет од 12,8% од регистрираните потврдени случаи.
    - Сите починати лица се од машки пол;
    - Возрасна дистрибуција - просечната возраст изнесува 71,1 години (SD ± 6,4 години; min 62, max 83);
    - Починатите лица се од Скопје, само еден е од Куманово;
    - Сите починати лица биле хоспитализирани;
    - Кај осум починати лица се регистрирани коморбидитети.
    - Дијагнозата е потврдена со серолошко испитување на ликвор.
- На 11.08.2026, ЦЈЗ Скопје пријави епидемија на Западно-нилска треска во општините Кисела Вода, Гази Баба, Аеродром и Бутел.

Во текот на изминатата недела (16-22.09.2026), пријавени се 5 нови случаи, од нив 3 се од Скопје и по еден од Велес и Тетово.

Графикон 2 ги прикажува пријавените случаи на Западно-нилска треска по недела на појава на симптоми, во 2026 година, во споредба со претходните три години (2023-2025) и просекот. Кај првиот дијагностициран случај на инфекција со WNV во 2026 година, пријавениот почеток на симптомите е на 12 мај 2026 година (20-та недела/2026).

**<u>Графикон 2.</u> Број на пријавени случаи на WNV по недела на појава на симптоми, Македонија, 2023, 2024, 2025, просек 2011-2025, 2026 до 22.09.2026**




Табела 2 ја прикажува географската распределба на регистрираните случаи со лабораториски дијагностицирана инфекција со WNV на ниво на **<u>веројатна општина на изложеност (експозиција)</u>**. Веројатното место на експозиција претставува индиректен показател за можната локална циркулација на WNV и не треба да се интерпретира како потврдено место на инфекција.

**<u>Табела 2.</u> Пријавени случаи на инфекција со WNV според веројатната општина на експозиција, Македонија, 2026, до 22.09.2026 (n=70)**

| Регион | Единица | Веројатна општина на експозиција | Број на случаи | I/100.000 |
|---|---|---|---|---|
| Скопски | Град Скопје | Кисела Вода | 15 | 24.2 |
| | | Гази Баба | 14 | 20.1 |
| | | Бутел | 7 | 18.4 |
| | | Аеродром | 5 | 6.4 |
| | | Чаир | 3 | 4.8 |
| | | Центар | 2 | 4.6 |
| | | Сарај | 1 | 2.6 |
| | Општини во околина на Град Скопје | Илинден | 4 | 22.9 |
| | | Зелениково | 3 | 89.3 |
| | | Студеничани | 3 | 13.7 |
| | | Петровец | 2 | 21.9 |
| | | Сопиште | 2 | 29.8 |
| | | Арачиново | 1 | 7.9 |
| Североисточен | Куманово | Куманово | 1 | 1.0 |
| Вардарски | Велес | Велес | 2 | 4.1 |
| | Чашка | Чашка | 1 | 12.6 |
| | Кавадарци | Кавадарци | 1 | 2.8 |
| | Свети Николе | Свети Николе | 1 | 6.5 |
| Пелагониски | Долнени | Долнени | 1 | 7.6 |
| Полошки | Тетово | Тетово | 1 | 1.2 |
| **Вкупно** | | | **70** | **3.8** |

*Согласно податоците од епидемиолошките анкети, периодот на инкубација и престојот во одредена општина може да се разликува од местото на живеење на заболеното лице

**Епидемиолошка интерпретација:** Податоците укажуваат на зголемен број на регистрирани случаи во текот на јули и август 2026 година, со изразена просторна концентрација во Скопскиот регион. Најголем број случаи се регистрирани во општина Кисела Вода, особено на подрачјето на населено место Драчево, како и во општина Гази Баба (со концентрација во руралните средини). Регистрираниот пораст на бројот на случаи и нивната просторна концентрација се индикативни за интензивирана локална трансмисија на WNV во погодените подрачја. Сепак, во последните четири недели се регистрираат случаи и во други скопски општини, но и во други општини Куманово, Велес, Свети Николе, Кавадарци и Тетово.

**ЈАВНО-ЗДРАВСТВЕНИ МЕРКИ ПРЕПОРАЧАНИ ОД ИЈЗ, 2026**

1. **Едукација на населението за методите на пренесување на причинителот и мерките за лична заштита.**
    - За таа цел, ИЈЗ изготви информативно-едукативен материјал за вектор-преносливи болести (вклучително и Западно-нилска треска) со начини на превенција на заболувањата, како и флаер со мерки за заштита од комарци.
    - Истиот е доставен до надлежните институции. Потребно е едукативниот материјал да биде поставен на веб страните на ИЈЗ и 10-те ЦЈЗ, како и ЦЈЗ да го достави до туристичките агенции со цел споделување со патниците во ендемските региони за болеста.
2. **Подигање на свеста кај здравствените работници за ЗНТ и засилен надзор.**
    - Потребно е ЦЈЗ да ги известат матичните лекари, невролозите, педијатрите и инфектолозите од здравствени установи во државата за појавата на ова заболување со цел подигање на свеста за можната појава на заболувањето и вклучување во диференцијалната дијагноза.
    - Се препорачува лабораториско тестирање за ЗНТ кај сомнителни случаи со невроинвазивна форма (како што се случаи со енцефалитис, асептичен менингитис, акутна флакцидна парализа, треска со неодредена етиологија).
    - Комуникација со лабораториите кои спроведуваат тестирање за Западно-нилска треска на дневно ниво (активен надзор).
    - Истражување на сите пријавени случаи со цел да се утврди веројатното место на експозиција, факторите на ризик и сериозноста на болеста.
    - Комуникација со болниците со цел здравствената состојба на хоспитализираните случаи да се ажурира секојдневно.
    - Комуникација со Институт за трансфузиона медицина со цел спроведување на целни мерки за безбедност на крвта.
3. **Комуникација со јавност и надлежни институции.**
    - Редовно известување на сите надлежни институции за состојбата со заболувањето од страна на ИЈЗ.
    - Периодичен/неделен епидемиолошки извештај за Западно-нилска треска изработен од ИЈЗ и споделен на веб сајт.
    - Комуникација со меѓународни институции - ECDC (известување во EpiPulse)
4. Планско извршување на превентивна **дезинсекција** (согласно елаборат) – ларвицидна и адултицидна дезинсекција од страна на општините, но и дезинсекција по епидемиолошки индикации (ларвицидна и адултицидна) по регистрирани случаи која е во надлежност на Центрите за јавно здравје на територијата која ја покриваат.

   - ИЈЗ известува за процесот на превентивна дезинсекција спроведен од единиците на локална самоуправа преку податоци доставени од 10-те ЦЈЗ и известува до надлежните институции за типот на спроведена активност, употребеното средство, периодот кога е спроведена активноста и операторот кој ја извел активноста.
5. Спроведување на **надзор над комарци**, нивно присуство и тип, присуство на WNV вирусот, како и причинители на други вектор-преносливи заболувања.
6. Спроведување на **надзор кај птици и коњи** за рано откривање на циркулацијата на WNV во животната средина и навремено проценување на ризикот за појава на случаи кај луѓето.
   - АХВ од крајот на август ги засили теренските активности за утврдување на епидемиолошката состојба со ЗНТ кај живината, со лабораториско тестирање на земените мостри од птици при спроведување на надзорот на авијарна инфлуенца и за утврдување на присуство на антитела на присуство на овој вирус. Активниот надзор ќе се спроведе на целата територија на државава и со него ќе бидат опфатени одгледувалишта на живина за некомерцијални цели (живина во дворови и селски стопанства), птици кои се чуваат во кафези или друг затворен/ограден простор и одгледувалишта на водени птици во дворови и селски стопанства, како и угинати птици. Досега се добиени три позитивни лабораториски резултати. Присуството на вирусот е потврдено кај два угинати гаврани пронајдени на подрачјето на Скопје и кај еден угинат гавран пронајден на подрачјето на Ресен.

**<u>Превенција од болести кои се пренесуваат преку комарци</u>**:

1. Мерки насочени кон животната средина (намалување на популацијата на комарци и нивен престој во животниот простор на луѓето).
   - ✓ Спречете го размножувањето на комарци во вашата средина:
     - Не оставајте отворени садови со вода по дворовите (тацни од саксии, буриња, канти, пловни објекти, стари гуми) во кои може да се собира дождовница.
     - Редовно чистете ги олуците за да се овозможи истекување на водата.
     - Одржувајте ги чисти базените за капење, украсни базени, фонтани.
     - Не создавајте бари (застоени води) по дворовите.
     - Редовно одржување на теренот покрај водни канали и други водни површини.
   - ✓ Намалете ја можноста да бидете изложени на убоди од комарци:
     - Поставете заштитни мрежи на вратите и прозорците во домот.
     - Одбегнувајте излегување и престој надвор во зори или на самрак, кога комарците се најактивни. Особено да се внимава при наводнувањето на зелените површини, бавчите и извршување на градинарските работи кои вообичаено се практикуваат во овој период од денот.
     - Доколку во домашни услови се чуваат домашна живина и/или птици како миленичиња да се внимава на хигиенските услови каде тие престојуваат, по можност живеалиштата да бидат заштитени со мрежи, да се одржуваат чисти и навремено да се менува водата во нивните поилки за да се спречи размножувањето на комарците.

2. Мерки за лична заштита од убоди на комарци.
   - ✓ Носете соодветна облека, најдобро во светли бои, која ќе остава што помалку откриени делови од телото (долги ракави, панталони, чорапи, шапки...).
   - ✓ Применувајте заштитни средства (репеленти) во облик на лосион, стик, аеросол-спреј или крем за кожата и за облеката, кои ги одбиваат комарците.
   - ✓ Репелентите не треба да се нанесуваат на посекотини, отворени рани, под облека, околу очите и устата. Кај мали деца, примената треба да биде согласно упатството за конкретниот производ.
   - ✓ Патниците кои патуваат во земји или предели каде се евидентираат болести кои се пренесуваат со комарци, задолжително да употребуваат репеленти за време на престојот, а прозорците и креветите за спиење да се затворени со заштитни мрежи, импрегнирани со адекватен инсектицид.
   - ✓ Доколку се појават симптоми на заболување, веднаш да се побара лекарска помош. При појава на симптоми, особено кај лица со невролошки симптоми, навременото јавување кај лекар овозможува навремена дијагностичка проценка, соодветен третман и следење на пациентот.

**ЗАКЛУЧОК**

Западно-нилската треска за прв пат во Македонија е регистрирана во 2011 година. Во периодот од 2011 година до крајот на 2025 година, регистрирани се вкупно 54 лабораториски потврдени случаи. За истиот период, регистрирани се пет смртни случаи асоцирани со оваа болест.

Во 2026 година е регистрирано значително зголемување во однос на вкупниот број случаи регистрирани во периодот 2011–2025 година, 70 од 119 вкупно регистрирани случаи (58,8%) од 2011 година до денес се регистрирани само во 2026 година.

Во 2026 година, во Македонија се регистрира значително зголемување на бројот на случаи на WNV во однос на претходните години. Случаите се концентрирани претежно во Скопскиот регион, со најголем број случаи во општините Кисела Вода и Гази Баба. Временската распределба покажува интензивирање на трансмисијата во текот на јули и август. Просторната и временската концентрација на случаите, заедно со пријавената епидемија укажуваат на активна локална циркулација на WNV и потреба од континуирано засилен епидемиолошки надзор и мерки за контрола на векторите.

Епидемиолошкиот надзор на болеста, систематското и рано спроведување на програми за контрола на комарци и мерките за лична заштита од каснувања од комарци се сметаат за најсоодветни мерки за контрола на Западно-нилската треска.

Бидејќи циркулацијата на вирусот и неговата географска дистрибуција (т.е. областите каде што се регистрирани хумани случаи) не можат да се предвидат, се охрабруваат мерки за лична заштита од комарци, во текот на периодот на активност на комарците.

Информативно-едукативен материјал подготвен од ИЈЗ:
https://www.iph.mk/mk/news/index/1783
https://www.iph.mk/mk/news/index/1762

Интерактивна мапа за Западнонилска треска:
https://healthalert.mk/

**НЕДЕЛНО АЖУРИРАЊЕ: СЕЗОНСКИ НАДЗОР НАД ЗНТ КАЈ ЛУЃЕ ВО ЕВРОПА ВО 2026 ГОДИНА**

Согласно последните достапни информации за Западно-нилска треска од Европскиот центар за превенција и контрола на болести, од почетокот на сезоната на пренос во 2026 година, а заклучно со **17-ти септември**, идентификуван е 180 региони погоден од вирусот на Западно-нилска треска (WNV) во 16 земји во Европа.
Овие региони се наоѓаат во Италија (65), Грција (22), Романија (22), Франција (19), Холандија (13), Србија (8), Хрватска (5), Шпанија (5), Белгија (4), Македонија (4), Унгарија (3), Германија (2), Албанија (2), Австрија (2), Косово (2) и Кипар (1).

Шеснаесетте земји пријавиле вкупно 1.482 автохтони случаи на инфекција со вирусот на Западно-нилска треска:

- Италија - 652 случаи,
- Грција – 355 случаи,
- Шпанија – 114 случаи,
- Романија – 91 случаи,
- Македонија - 66[1] случаи,
- Франција – 81 случаи,
- Србија – 43 случаи,
- Холандија – 29 случаи,
- Хрватска – 13 случаи,
- Кипар – 11 случаи,
- Белгија – 9 случаи
- Австрија – 6 случаи,
- Унгарија – 4 случаи,
- Германија – 4 случаи и
- Албанија и Косово – по два пријавени случаи.

***Картограм.*** *Региони со циркулација на Западно-нилска треска во Европа*




**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје**

[1] Согласно податоците објавени од ECDC на 17 септември 2026 година, Македонија има пријавено 66 случаи во рамките на периодот опфатен со таа публикација. Согласно националните податоци, заклучно со 22.09.2026, во земјата се регистрирани 70 случаи